# III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

**С О Д Р Ж И Н А**

III.1 Структура за управување ........................................................................ 2
III.2. Управување со животната средина ..................................................................... 7
III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест................................................. 9

## Прилог III.1.

1. Организациона шема
2. Политика за животна средина

## III.1 Структура за управување

Асфалтната база при Подружница – Штип е наменета за производство на асфалт со цел одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во регионот во кој што е лоцирана со што е оправдано нејзиното постоење. Подружницата Штип ги опфаќа следните правци и нивните региони: Штип - Кратово - Пробиштип - Кочани - Виница - Мак. Каменица - Делчево - Берово – Струмица и одржува патна мрежа од околу 1150 km.

Асфалтната база при Подружницата - Штип при ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје ц.о е лоцирана на 9ти километар на магистралниот пат Штип-Радовиш (Р1204). Проектиран капацитет на производство на асфалт изнесува 40 t/h наменето за сопствени потреби т.е. за одржување на патната мрежа во склоп на околните регионални и магистрални патишта. Производството на асфалт генерално се одвива во текот на годишните времиња со поволна температура за асфалтирање на патишта (пролет, лето и зима).

Како прилог кон ова поглавје, барателот на **А - Интегрирана еколошка дозвола вклучува:**

- детали за структурата на управувањето со инсталацијата
- Организациона шема
- Политика за управување со животната средина
- Тековна оценка за состојбата со животната средина

➢ ***Управување***

Управувањето со Асфалтната база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., е утврдено и усогласено со Законот за трговски друштва на Република Северна Македонија, во кој што се дефинирани правата и обврските на органите на управувањето.

**Одговорно лице за заштита на животната средина на асфалтната база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., е Милоица Колев, Раководител на асфалтна база „Штип“.**

Одговорно лице за заштита на животна средина е одговорен за следните активности:

- Мониторинг на влијанија врз животната средина, спроведување на мерењата;
- Мониторинг и следење на отпадот кој што се создава, спроведување на договорите за превземање на отпад;
- Спроведување на обуките од областа на заштита на животна средина:
- Управување со вондредни ситуации врз животната средина;
- Спроведување на дефинираите Упатства за заштита на животната средина;
- Комуникација со државните органи од областа на животната средина.

- **Организација**

**Структура на организацијата**

Во Асфалтната база е воспоставена структура на организацијата во согласност со дејноста. Структурата на организацијата ја сочинуваат:

***Структурата на организацијата обезбедува:***

- Дефинирани овластувања, одговорности и обврски на вработените за реализација на процесите и системот за управување со квалитетот;
- Реализација на процесите;
- Внатрешни врски и комуникации на вработените;
- Надворешни врски и комуникации на вработените со купувачите, инвеститорите, добавувачите и соработниците.

Со Асфалтната база раководи Раководител на асфалтна база. Вработените во оваа инсталација работат во една смена од 6.00 до 14.00 часот или од 7.00 до 15.00 часот, просечно од 4 до 6 часа дневно.

**На Прилог III.1. е преставена Организационата шема на асфалтната база.**




**Прилог III.1.** Организациона шема на асфалтната база „Штип" на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

**Одговорности на работните места на Асфалтната База**

- **Раководител на асфалтната база**
    - Ја организира работата на асфалтната база;
    - Организација и одржување на исправноста на асфалтната база;
    - Прима порачки за испорака на асфалт по соодветните објекти;
    - По барање на раководителите на објекти дава стручна помош и упатства;
    - Ја координира работата на работниците кои работат на асфалтната база;
    - Се грижи за изготвување на времени и конечни ситуации и фактури и друга документација;
    - Учествува и помага при изготвување на Оперативни планови;
    - Се грижи за обезбедување и го контролира носењето и користењето на средствата за заштита при работа на работниците на механизација, со право да отстрани работник од работа, доколку не носи и не користи средства за заштита при работа;
    - За време на работата задолжително носи и користи средства за заштита при работа; Врши и други работи кои ќе се укажат како потреба, а по природа на работите спаѓаат во делокругот на неговиот делокруг.

**Оператор на Асфалтна база**

- Самостојно и стручно ракување со асфалтна база;
- Се грижи за рационална искористеност на асфалтната база;
- Проверка и доведување во спремна положба за работа пред и после завршување на работа; Благовремено откривање и пријавување на дефекти;
- Врши и други работи по наредба на непосредниот раководител;
- За време на работата задолжително носи и користи средства за заштита при работа.

**Машинист за одржување на Асфалтна база**

- Самостојно и стручно одржување на Асфалтната база и придружните градежни машини;
- Проверка и доведување во спремна положба за работа пред и после завршување на работа;
- Благовремено откривање и пријавување на дефекти;
- Врши и други работи по наредба на непосредниот раководител;
- За време на работата задолжително носи и користи средства за заштита при работа.

## III.2. Управување со животната средина

Раководителот на асфалтната база е одговорен за заштита на животната средина и постојано подобрување на работните процеси и производите.

Политиката за заштита на животната средина го изразува разбирањето, определбата, стратегијата и одговорноста на раководството за обезбедување на услови за работа кои нема да претставуваат никаква опасност за загадувањето на животната средина. Сите вработени на асфалтната база на „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., мораат, без отстапки и во секој момент да ги исполнуваат барањата за управување на животната средина. Отстапување од обврските пропишани во постапките за управување на животната средина, може да доведе до сериозни последици по животната средина во која асфалтнта база функционира, а со тоа и до несогледливи последици по угледот на истата. Угледот на асфалтната база ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., во опкружувањето во кое стопанисува не смее да биде загрозен во ниеден момент и поради тоа секое отстапување од обврските пропишани во законската легислатива од областа на животната средина ќе биде строго санкционирано.

## ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Раководството на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., е посветено кон постојано унапредување на животна средина.**

**Тоа го постигнуваме со:**

- Комплетно исполнување и надминување на барањата и очекувањата на купувачите;
- Професионален однос со купувачите и исполнување на договорените рокови;
- Постојана едукација на персоналот и унапредување на индивидуалните способности, зајакнување на одговорноста на вработените и развивање на партнерски односи;
- Почитување на националните законски барања , прифатените барања на меѓународните стандарди;
- Обезбедување на здрава работна средина и обуки за поттикнување на свеста на вработените за заштита на животната средина;
- Грижа за животната средина преку утврдување и мерење на загадувањето од работните процеси;
- Политиката за заштита на животна средина која е основа за определување и преиспитување на целите за квалитет и за општите и посебни цели за животната средина;
- Воспоставување на ефикасна комуникација со сите заинтересирани страни со цел размена на информации поврзани со заштита на животна средина.

Политиката за животна средина е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.

## III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест

- **Обуки од областа на заштита на животна средина**

Асфалтната база „Штип“ на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., воспоставува и одржува постапки за идентификување на потребите и спроведување на обуки за сите вработени кои извршуваат активности кои се дел од системот за заштита на животната средина. Сите учесници во процесите на работа на асфалтната база ќе поминат низ обука која ги запознава со заштита на животната средина. Со оваа обука вработените се запознаваат со барањата на Политиката за заштита на животната средина, насоката на делување, целите, законските и другите барања кои се обврзуваат да ги почитуваат, со нивните обврски, значајните аспекти на животната средина во нивната дејност, акциите во случај на незгода или вондредни ситуации, последиците кои настануваат во случај на отстапување од предвидените обврски, корист за животната средина од нивниот подобрен работен учинок и сите останата детали неопходни за успешно функционирање на системот за заштита на животната средина. Посебно се води сметка при приемот на нови кадри, истите да се запознаат со својата улога во функционирањето на системот за заштита на животната средина. Одговорното лице за животна средина е одговорно за изработка на програма, планови и реализација на комплетниот циклус на обука и стручно оспособување од областа на заштита на животната средина и водење на соодветни записи.